# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

**Службен весник на РМ, бр. 48 од 13.04.2009 година**

**Член 1**

Во насловот на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 81/2008), зборовите: "во Скопје" се бришат.

**Член 2**

Во членот 1 точка 2 зборовите: "мрежни и комуникациски технологии" се заменуваат со зборовите: "комуникациски мрежи и безбедност".
Во точката 3 по зборот "за" се додаваат зборовите: "машинска интелегенција и".
Во точката 4 зборовите: "технологии за информатичко општество" се заменуваат со зборовите: "информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника".
Точката 5 се менува и гласи:
"5. Факултет за информациони теории и анализи."
Точките 6, 7, 8 и 9 се бришат.

**Член 3**

Во членот 3 став 2 зборот "Скопје" се заменува со зборот "Охрид".

**Член 4**

Во членот 4 став 1 зборовите: "под точките 1, 2, 4, 5 и 6" се бришат, а броевите "2008/2009" се заменуваат со броевите "2009/2010".
Ставот 2 се брише.

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".